# КАТЕДРА ЗА ПОЛИЦИСКИ НУАКИ

Катедрата за полициски науки е организациска единица во рамките на Факултетот за безбедност. Визијата и целите за формирање на Катедрата за полициски науки лежи во потребата од научен, наставен, истражувачки и практичен пристап во изучувањето на полициските науки, втемелено на мултидисциплинарен пристап.

Наставничкиот и соработничкиот кадар на Катедрата за полициски науки ги следат трендовите на развој на науката за полицијата во европски и светски рамки, со покажана спремност странските искуства и практики да бидат втемелени во научните области за полицијата.



Заокружувањето на процесот на конституирање на науката за полицијата и научните дисциплини кои произлегуваат од неа, предводен од европски истражувачки тим во кој придонес даваат и членови од Катедрата за полициски науки, ја потврдува подготвеноста за развивање и промовирање на науката за полицијата како посебна научна дисциплина.

Факултетот за безбедност е единствена научна институција во Република Македонија која во својот состав има Катедра за полициски науки и единствен пристап во изучувањето и развивањето на полициските науки. Систематизирањето на научните области за полицијата од постоечките пет студиски програми за прв циклус на студии, од четирите студиски програми за втор циклус и студиската програма на трет циклус на студии на Катедрата за полициски науки е доказ за посветеноста во теорискиот, емпирискиот и практичниот пристап во развивањето на науката за полицијата.

Во рамки на Катедрата за полициски науки се посветува исклучително внимание на пристапот во проучувањето на новите форми и типови на полициска организација, во согласност со либерално-демократските принципи и начелата на правото и правната

држава. Функционалистичкиот и структуралистичкиот пристап во проучување на функцијата на полициската организација во демократско општество отвора перспектива за развивање на научни дисциплини и во рамките на други науки.

Полициското право, примената на полициските овластувања, односите помеѓу полицијата и цивилното општество и медиумите, моделите на полициско работење во заедницата, полициската тактика, специјалните обуки во полицијата, функцијата на полицијата во мултиетничките и постконфликтните општества, полицијата и правата и слободите на човекот, полициското работење со маргинализираните и ранливите групи, полициската етика и деонтологија, меѓународната полициска соработка, полициските системи и организација – се областите во кои членовите на Катедрата за полициски науки ја развиваат наставно-научната и истражувачката дејност на Факултетот за безбедност.

Предуслов за развој на науката за полицијата како самостојна наука со посебни научни дисциплини е разбирањето на функцијата на науката и истражувачката работа од страна на полицијата како државен орган.

Консултирањето со науката и научните анализи и прогнози, професионалниот пристап во креирањето на институционалната политика за развој во организациска и кадровска смисла се нужни за потребата од континуирано демократизирање и професионализација на полицијата како институција. Целите на Катедрата за полициски науки се развој на науката за полицијата и подигање на свеста за потребата од професионален и сериозен пристап во креирањето на политиките во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија со помош на институциите кои образуваат кадри за работа во полицијата и истражувачката дејност.